Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 2712014, 199/2014 и 2712016), а во врска со член 28 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници (°Службен весник на Република Македонија" бр. 11/2018), министерот за Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе:

# П Р А В И Л Н И К

## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

### Член 1

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-6397/1 од 01.06.2015 година, Измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-11933/2 од 01.12.2015 година, Измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-11314/3 од 08.12.2015 година, Измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-2753/2 од 29.02.2016 година, Измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-5362/2 од 13.06.2016 година, Измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-6948/1 од 11.07.2016 година, Измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-8800/3 од 29.09.2016 година, Измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-10445/1 од 01.12.2016 година, Измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-994/1 од 01.12.2017 година, Измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-2947/1 од 11.04.2017 година, Измена на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-5497/1 од 31.07.2017 година, и тоа:

Во Глава 11 во членовите 9, 10 и 11 во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа - познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), се бришат деловите:

- За нивоата Б1 и Б2 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б2 (В2) нивото на ЦЕФР односно ИЕЛТ со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 500 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЛ ИНТ најмалку 60 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат, Тест ДаФ
- За нивоата Б3 и Б4 преку поседување на ме"гународно признат сертификат издаден од официј ален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори

на Б1 (В1) нивото на ЦЕФР односно ИЕЛТ со 3,5 - 4,5 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 450 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 135 бода или ТОЕФЛ ИНТ најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат

- За сите ниво на категорија - В преку поседување на ме"ѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2 (А2) нивото на ЦЕФР односно КЕТ, ИЕЛТ со 3 поени, БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 400 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 95 бода или ТОЕФЛ ИНТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат
- За сите ниво на категорија - Г преку поседување на ме"ѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А1 (А1) нивото на ЦЕФР односно БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 310 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЛ ИНТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат.

**Член 2**

Во Глава II во членот 9, во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа, се додава/останува следниот текст:

- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), активно познавање на комјутерски програми за канцелариско работење и положен испит за административни управување.

Во Глава II во членовите 10 и 11 во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа, се додава/останува следниот текст:

- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), активно познавање на комјутерски програми за канцелариско работење.

**Член 3**

Во член 33 од табеларен приказ на работни места, работното место со реден број 736 Советник за програми, планови и информации од областа на производите за заштита на растенијата во видот на образование зборот „Овоштарство" се менува зборовите „наука за книжевноста - македонистика"

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. 04-2591/1

03.02 2018 година

Скопје

МИНИСТЕР

Љупчо Николовски